# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД



| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>14.11.2014 год.<br>БРОЈ 14 ГОДИНА 49 |
|---|---|



## С О Д Р Ж И Н А



| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2014 година. | 5 |
| 2. | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2014 година. | 6 |
| 3. | Одлука за усвојување на финансискиот Извештај на РЕ Водовод Охрид за периодот од 01.01. - 30.09.2014 година. | 8 |
| 4. | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2014 година. | 9 |
| 5. | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето и остварените финансиски резултати на ЈП „Градски гробишта“ Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2014 година. | 10 |
| 6. | Одлука за усвојување на Извештајот за работата на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2014 година. | 11 |
| 7. | Одлука за усвојување на измените на Развојната Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2014-2016 год. | 13 |
| 8. | Одлука за усвојување на измените на Програмата за поддршка на | 22 |

| | | |
|---|---|---|
| | локалниот економски развој на општина Охрид за 2014 год. | |
| **9.** | Одлука за усвојување на измените на Програмата за други комунални услуги за 2014 год. | **33** |
| **10.** | Одлука за усвојување на измените на Програмата за јавна чистота за 2014 год. | **35** |
| **11.** | Одлука за усвојување на измените на Развојната Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици 2014-2016 год. | **37** |
| **12.** | Одлука за усвојување на измените на Развојната Програма за изградба на системи за водоснабдување 2014-2016 година. | **39** |
| **13.** | Одлука за усвојување на измените на Развојната Програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води 2014-2016 година. | **41** |
| **14.** | Одлука за усвојување на измените на Развојната Програма за јавно осветлување 2014-2016 година. | **43** |
| **15.** | Одлука за усвојување на измените на Програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај за 2014 година. | **45** |
| **16.** | Одлука за усвојување на измените на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2014 година. | **47** |
| **17.** | Одлука за усвојување на измените на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2014 год. | **48** |
| **18.** | Одлука за усвојување на измените на Развојната Програма за уредување на градежно земјиште 2014-2016 година. | **50** |
| **19.** | Одлука за усвојување на измените на Програмата за финансиските потреби на територијалната противпожарна единица Охрид за 2014 година. | **52** |
| **20.** | Одлука за усвојување на измените на Развојната Програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2014-2016 година. | **55** |
| **21.** | Одлука за усвојување на измените на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2014 година. | **68** |
| **22.** | Одлука за усвојување на измените на Програмата за спорт за 2014 год. | **70** |
| **23.** | Одлука за усвојување на измените на Развојната Програма за образование за 2014-2016 година. | **73** |

| | | |
|---|---|---|
| **24.** | Одлука за усвојување на измените на Развојната Програма за детска заштита за 2014-2016 година. | **76** |
| **25.** | Одлука за усвојување на измените на Програмата за култура за 2014 година. | **79** |
| **26.** | Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на единицата на локална самоуправа за 2014 година. | **82** |
| **27.** | Статутарна Одлука за дополнување на Статутот на општина Охрид. | **120** |
| **28.** | Одлука за усвојување на оперативната Програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид, приградските и селските населби за 2014-2015 година. | **121** |
| **29.** | Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување надоместок за поставување на инсталации во трупот на патот, патниот и заштитниот појас. | **130** |
| **30.** | Одлука за дополнување на Одлуката за организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид. | **131** |
| **31.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1251/1 КО Лескоец. | **133** |
| **32.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2184 КО Лескоец. | **134** |
| **33.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр.2534 КО Велгошти. | **135** |
| **34.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.89 КО Охрид 4. | **137** |
| **35.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.814/3 КО Лескоец. | **138** |
| **36.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1164 КО Лескоец. | **139** |
| **37.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот | **141** |

| | | |
|---|---|---|
| | објект на Кп.бр.1347/1 и 1347/2 КО Трпејца. | |
| **38.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура на Кп.бр.1975 КО Охрид 4. | **142** |
| **39.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2003 КО Лескоец. | **144** |
| **40.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2420/2 КО Лескоец. | **145** |
| **41.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2658/1 КО Велгошти. | **146** |
| **42.** | Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура на Кп.бр. 10461/2 КО Охрид 2. | **148** |
| **43.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.214 КО Лескоец. | **149** |
| **44.** | Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето Кп.бр.7651/3 и 7651/4 КО Охрид 1. | **150** |
| **45.** | Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето Кп.бр.13801/1 КО Охрид 3. | **152** |
| **46.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1772/1 КО Велгошти. | **153** |
| **47.** | Решение за отстранување на времен објект Ип 1 бр.35-103 од 12.11.2014 година | **154** |
| **48.** | Заклучок за дозвола за извршување Ип 1 бр.35-103 од 13.11.2014 година | **155** |
| **49.** | Решение за отстранување на времен објект Ип 1 бр.35-56 од 14.11.2014 година | **156** |
| **50.** | Заклучок за дозвола за извршување Ип 1 бр.35-56 од 17.11.2014 година | **157** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ – ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година.

**Број 08-1665/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ – ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2014 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-1870/6 од 31.10.2014 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-1869/3 од 31.10.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07–1665/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година.

**Број 08-1665/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2014 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-387/2 од 06.11.2014 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-387/2 од 06.11.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07–1665/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ НА РЕ ВОДОВОД ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.09.2014 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на финансискиот Извештај на РЕ Водовод Охрид за периодот од 01.01. - 30.09.2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година.

**Број 08-1665/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ НА**
**РЕ ВОДОВОД ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.09.2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** финансискиот извештај на РЕ Водовод Охрид за периодот од 01.01. - 30.09.2014 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.1143/2 од 07.11.2014 година и Одлука на Надзорниот одбор бр.1142/2 од 07.11.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07–1665/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ**
**ОД 01.07. - 30.09.2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година.

**Број 08-1665/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на ЈП„Нискоградба Охрид“ Охрид за периодот од 01.07. – 30.09.2014 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-1932/2 од 31.10.2014 година и Мислење на Надзорниот бр.02-1931/2 од 31.10.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07–1665/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето и остварените финансиски резултати на ЈП „Градски гробишта“ Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година.

**Број 08-1665/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето и остварените финансиски резултати на ЈП „Градски Гробишта“ Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2014 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-1138/3 од 04.11.2014 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-1137/3 од 04.11.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07–1665/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година.

**Број 08-1665/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09. 2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на ЈП„Билјанини Извори“ Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2014 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-1247/2 од 05.11.2014 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-1246/2 од 05.11.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07–1665/8**
**13.11.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014-2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на измените на Развојната Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2014-2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година.

**Број 08-1665/9**
**13.11.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2014 - 2016 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените на Развојната Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2014 - 2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07–1665/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

## Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОДИНА

### Вовед

Развојот на туризмот претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив развој. Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив развој на туризмот со одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на туризмот и воедно живот за сите во заедницата.

Со стратешкото планирање на развојот на туризмот на Општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Процесот на планирање** на програмата е базиран врз непосредното учество на сите релевантни фактори од сферата на туризмот, јавните институции, бизнис заедницата и граѓанското општество (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку заеднички напори кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив развој на туризмот, и ќе овозможи подобрување на социо-економскиот и одржливиот фактор.

**Програмата за поттикнување на развојот на туризмот** се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на Единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Согласно претходно наведените насоки и должности, во рамките на Стратегијата за Одржлив Развој на Туризмот на Општина Охрид, вклучени се програмите за работа и буџетското планирање на средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој , при што Секторот за Туризам и Локален Економски Развој, за буџетската 2014 година ја предвидува програмата поврзани со буџетската ставка **Г2: Поттикнување на развојот на туризмот.**

**Извори на финансирање на програмата**

Програмата предвидува приходна ставка од **8.000.000,00** ден:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој | 5.500.000,00 ден. |
| 2. | Буџетски приходи по други основи | 0 ден. |
| 3. | Средствата од меѓународни проекти | 1.276.000,00 ден. |
| | Вкупно | 6.776.411,00 ден |

## I. Програма за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за 2014 година

Туризмот претставува една од најзначајните развојни потенцијали за Општината Охрид. Географската положба, културно – историското наследство, Охридското Езеро, и Националниот Парк “Галичица”, како конкурентни предности ја претставуваат основата за подготовката на развојните програми за туризмот. Особено се внимава на стратегијата за развој на туризмот, темелена на јакнење на понудата на целата територија на општината, конкурентноста и стандардите на квалитет на понудата и услугите.

Програмата за поттикнување на развојот на туризмот е насочена кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани со Стратегијата за одржлив економски развој на Општина Охрид и усвоените приоритети:

I. Дефинирање на туристичкиот производ и понуда и нивна промоција и презентација,
II. Подобрување на квалитетот на постојната и изградба на нова инфраструктура,
III. Брендирање на Охрид како туристичка дестинација,
IV. Институционално јакнење и развој на човечки ресурси,

Општина Охрид преку Секторот ТЛЕР и Одделението за Туризам, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на поттикнување на развојот на туризмот за 2014 година, ја базира **“Г2 Програмата за поттикнување на развојот на туризмот за 2014 година“** која ке се реализира преку следните активности**:**

**1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)**

Секторот ТЛЕР – Одд. за туризам во 2014 ке продолжи со активностите за евиденција регистрација, категоризација, и продолжување на решенијата за категоризација што претставува основа за управувањето со туризмот, а истовремено е во согласност со првиот приоритет од стратегијата за развој на туризмот – односно дефинирање на туристичката понуда во сегментот на сместувачки капацитети од мал обем. Во рамките на управувањето со туризмот исто така ќе бидат опфатени информациите во електронски медиуми, состаноци со станоиздавачи и медиуми, организирање на прес конференции, изготвување на информативни флаери.

**Превиден Буџет 0 ден**

**1.2 Туристички информативни центри**

Со оглед на нефункционалноста на поставениот туристички информативен центар на претходно предвидената локација на Бул Туристичка на влез на Охрид, се предвидува негова дислокација во централното градско подрачје. Во неговата функција е предвидено и воспоставување на телефонска инфо линија за пријавување на неправилности и проблеми од областа на туризмот во Охрид. Во овој центар туристите ќе добиваат информации за сместување и други корисни информации поврзани со туристичката понуда на градот и календар на настани. Исто така во овој ТИЦ ќе се овозможи и користење на услугите на резервација на сместување за туристите, која е во склоп на туристичкото биро Лихнидос.

**Превиден Буџет 0 ден**

**1.3 Одбележување (сигнализација) на туристичките места**

Со цел на потенцијалните посетители (туристи) да им се подобри пристапот и доаѓањето до туристичките, културните, историските и природните места ќе пристапиме кон изработка на сигнализација и одбележување на истите. Во 2013 година Секторот за ТЛЕР во соработка со Одделението за Комунален Развој преку тендерска постапка извршена е набавка на туристичка сигнализација, а воедно преку проект од Југозападниот Плански Регион, добиени е дополнителна количина на туристичка сигнализација. Во 2014 година предвидено е поставување на истите на претходно одредените локации.

**Превиден Буџет 0 ден**

### 1.4 Изработка на туристички берзи

Имајќи ги во предвид претходно утврдените проблеми во однос на нелегалното нудење на услуги за сместување во капацитети од мал обем, и оддавањето на лоша слика на градот на повеќе локации, со оваа програмска активност се предвидува изработка и поставување на типизирани штандови, кои ќе ја имаат функцијата на туристички берзи. На нив, регистрираните приватни станоиздавачи ќе имаат можност да ги нудат своите сместувачки капацитети на организиран и достоинствен начин, со што би се вовел ред како и во нелојалната конкуренција, така и во однос на општиот одраз и впечаток кој го добиваат туристите. Овие берзи предвидено е да се постават на неколку утврдени локации, како Автобуската Станица, и други фреквентни места.

**Превиден Буџет 150.000,00 ден**

### 1.5 Подготовка на анализа за капацитет на издржливост во туризмот (carrying capacity analysis)

Изработката на анализа за капацитет на издржливост во туризмот претставува интегриран пристап на утврдување на менаџментот со управувањето со посетителите во одредени подрачја. Преку нејзиното изготвување ќе се утврди максималниот број на луѓе кои можат да го посетат Охрид како туристичка дестинација во исто време, без да предизвикаат уништување на физичките, економските, социо-културните аспекти на средината и без да предизвикаат неприфатливо намалување на квалитетот на задоволство на посетителите. Анализата за издржливост ќе ги опфати физичкиот, социјалниот и економскиот аспект. Со нејзина реализација значително ќе се помогне понатамошното планирање на развојот на туризмот.

**Превиден Буџет 0 ден**

### 1.6 Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем

Оваа програмска активност предвидува субвенционирање на регистрирани и категоризирани станоиздавачи од мал обем, кои согласно законските регулативи редовно ги подмируваат обврските за исплата на Туристичка Такса. Субвенционирањето би се реализирало на полугодишна основа, по евидентирање на уплатената туристичка такса од страна на приватниот станоиздавач, а во период од 6 месеци. На овој начин, приватните станоиздавачи би биле охрабрени за редовно и навремено плаќање на туристичката такса, со што се очекува зголемување на уплатата на туристичката такса, како и намалување на прикривањата на нејзина уплата, кои се евидентирани во изминатиот период од сстрана на инспекциските служби. Дополнителните анализи ќе ја утврдат висината на субвенцијата, како и останатите критериуми кои ќе треба да се исполнат за да може да се добијат субвенциите.

**Превиден Буџет 61.000,00 ден**

### 1.7 Активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко – угостителскиот сектор

Преку оваа програмска активност се предвидува организација на серија обуки на давателите на услуги во туристичко – угостителскиот сектор. Преку нив е предвидено да се изврши стручно усовршување на одредени квалификации во однос на видот и начинот на давање на услуги во туристичкиот и угостителскиот сектор (приготвување и послужување на храна, бон тон во угостителството, промоција и маркетинг на услугите и слично). Овие обуки ќе се организираат во соработка со Факултетот за Туризам и Угостителство, како и со други институции кои се специјализирани за оваа област. Се очекува со реализацијата на овие обуки да се подигне квалитетот на сервисот и услугите во туристичко-угостителскиот сектор.

**Превиден Буџет 0 ден**

**Вкупно планиран буџет за 1: 211.000.00 ден.**

**2. ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ**

**2.1 Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми.**

Соработка со новинари од познати туристички печатени и електронски медиуми од различни земји, како од регионот така и од европските држави, заради запознавање со туристичките потенцијали на градот и регионот. Успешната промоција вклучува прифаќање на понудите за промовирање кои ги нудат познатите туристички печатени и електронски медиуми.

**Превиден Буџет 60.000,00 ден**

**2.2 Соработка со странски туроопeратори.**

Активноста предвидува организирана посета на Охрид на странски туроператори и странски медиуми со цел презентација на туристичките потенцијали на градот и регионот, зголемена соработка меѓу домашните туристички субјекти со странски туроопeратори, размена на искуства и склучување договори.

**Превиден Буџет 120.000,00 ден**

**2.3 Презентација на меѓународни туристички берзи.**

Промоција на Охрид и регионот на целни туристички пазари преку туристички берзи со што ќе се остварат услови за зголемување на бројот на странските посетители и зголемување на девизниот прилив. Промоциите на туристички берзи ќе се реализираат во соработка со Националната Агенција за поддршка и промоција на туризмот, хотелските асоцијации, туристичките агенции и туроператори.

**Превиден Буџет 639.000,00**

**2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи од алтернативните форми на туризам**

Со реализација на оваа програмска активност, ќе се овозможи активна и непосредна презентација на целокупната понуда во сегментот на алтернативните форми на туризмот како стопанска гранка која што најнепосредно носи економски бенефит на најширок круг на семејства и граѓани на општината. Алтернативните форми на туризмот се најбрзорастечкиот сегмент во туризмот на глобално ниво. Во склоп на реализација на оваа програмска активност, ќе се реализираат повеќе видови на манифестации, меѓу кои:

- Манифестацијата “Охридска софра 2014”
- Фестивалот “Плашица - Вино и сирење”

**Превиден Буџет 300.000,00**

**2.5. Организација на “ЛЕТО 2014”**

Организирање манифестација “ЛЕТО 2014” која би се одржала во месец јули и би преставувала настан со културно уметничка програма на кој би се презентирала целокупната туристичка понуда и кој на симболичен начин би го одбележал почетокот на туристичката сезона во град Охрид.

**Превиден Буџет 180.000,00**

**2.6. Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда**

- Изработка на промотивни туристички материјали по разни сегменти на повеќе странски јазици: каталози, флаери, водич, постери, кеси, мапи, папки и др промотивен материјал.
- Репринт на промотивни туристички материјали по разни сегменти на повеќе странски јазици, каталози, флаери, водич, постери, кеси, мапи, папки и др промотивен материјал.
- Изработка на промотивен ЦД материјал.
- Изработка на промотивен материјал за промоција на алтернативни форми на туризам
- Изработка на саемски банери,
- Надополување и изработка на дополнителни веб страни за промоција на туризмот.
- Изработка на видео спотови за различни сегменти на туристичката понуда: ноќен живот, култура, активен туризам, забава, гастрономија...).

**Превиден Буџет 2,000.000,00**

**2.7. Презентација на сместувачките капацитети / развој на информативен систем**

- Ажурирање и одржување на веб страна www.ohrid.com.mk,
- Поставување и одржување на инфо пултови,

- Изработка и поставување на билборди и City Light – реклами со туристички мотиви од Охрид.

**Превиден Буџет 30.000,00**

**Вкупно планиран буџет за 2: 3.329.000.00 ден.**

## 3. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

### 3.1. Подготовка на проекти и проектно управување

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за туризам е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за туризам.
Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.
Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

- Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,
- Превод на стручна литература,
- Консултантски услуги за специфични проектни активности,
- Воспоставување на партнерства неопходни во проектните апликации,

**Превиден Буџет 60.000,00**

### 3.2 Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области: **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, **регионални проекти**, **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект**

**-** Општина Охрид, преку секторот ТЛЕР и Одделението за Туризам го реализира проектот SUSTCULT заедно со градовите: Венеција, Нова Горица, Крф, Берат, Бакау и Хурези. Според динамиката за реализација на проектнтие акктивности, проектот се наоѓа во завршна фаза, а според планот на активности предвидено е одржување на финална конференција за сите учесници во проектот која ќе се одржи во Охрид.

**Превиден Буџет 1.276.000,00**

**Вкупно планиран буџет за 3: 1.336.000.00 ден.**

**4. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ МИКРОПРОЕКТИ ЗА ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ, СОГЛАСНО СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ – АКЦИОНИ ПЛАНОВИ 2014, И СТРАТЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД 2014.**

**4.1. Финансирање на локални микропроекти со цел потикнување на развојот на туризмот, согласно стратегијата за развој - подобрување на условите за сместување и квалитетот на услугите на станоиздавачите од мал обем**.

Активноста ќе се реализира преку објавување на јавен повик за финансирање на микропроекти, со право на учество на НВО-и, Месни и Урбани Заедници и приватни станоиздавачи од мал обем.

**Превиден Буџет 1, 900.000,00**

**Вкупно планиран буџет за 4: 1.900.000.00 ден.**

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2014:** 6.776.411,00 ден

РЕКАПИТУЛАР:

| **Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 год** | | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Активност | | Износ |
| 1 | **1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) и управување со туризмот во подрачја заштитени од UNESCO** | | |
| | | 1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) | 0 |
| | | 1.2 Туристички информативни центри | 0 |
| | | 1.3 Одбележување (сигнализација на туристички места | 0 |
| | | 1.4 Изработка на туристички берзи | 150.000.00 |
| | | 1.5 Подготовка на анализа за капацитет на издржливост во туризмот | 0 |
| | | 1.6 Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем | 61.000 |
| | | 1.7 Активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко угостителскиот сектор | 0 |
| | | Вкупно 1 | 211.000.00 |
| 2 | **2.1 Промоција на туризмот, организирање на настапи и присуство на саеми** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2.1 Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми. | 60.000.00 |
| | | 2.2 Соработка со странски туроператори | 120.000.00 |
| | | 2.3 Презентација на меѓународни туристички берзи | 639.000.00 |
| | | 2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи | 300.000.00 |
| | | 2.5. Организација на “ЛЕТО 2014“, | 180.000.00 |
| | | 2.6 Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда | 2.000.000 |
| | | 2.7 Презентација на сместувачките капацитети/развој на информатички систем. | 30.000 |
| | | Вкупно 2 | 3.329.000.00 |
| 3 | **3.1 Подготовка на проекти и проектно управување** | | 60.000.00 |
| | **3.2 Средства за сопствено учество во имплементација на проекти** | | 1.276.000 |
| | | Вкупно 3 | 1.336.000.00 |
| 4 | **4.1 Финансирање на локални микропроекти со цел потикнување на развојот на туризмот, согласно стратегијата за развој - подобрување на условите за сместување и квалитетот на услугите на станоиздавачите од мал обем.** | | 1.900.000 |
| | | Вкупно 4 | 1.900.000 |
| **ВКУПНО** | | | 6.776.411,00 ден |

**Број 07–1665/9-1**
**13.11.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на измените на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година.

**Број 08-1665/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2014 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07–1665/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**Г1 ИЗМЕНИ НА ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОДИНА**

**Вовед**

**Процесот на планирање** на програмата е базиран врз законските обврски на јавните институции меѓутоа и врз база на **непосредното учество на бизнис заедницата** и **граѓанското општество** (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку

заеднички напори и јавни програми и проекти кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив локален економски развој, која ќе промовира развој на бизнис и ќе го зголеми вработувањето.

Локалниот економски развој претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив економски развој. Локалниот економски развој се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на живот за сите во заедницата.

Со стратешкото планирање на програмата за локален економски развој на општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Програмата за подршка на локалениот економски развој** се подготвува пред се врз основа на **Стратегијата за одржлив локален економски развој,** како и **Стратегијата за Рурален Развој** и се усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата предвидува приходна ставка од:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџетот на Општина Охрид за 2014 год. во износ | **933.000,00 ден** |
| 2 | Приходи по други основи | **975.000.00 ден** |
| | Вкупно | **1.908.000,00 ден** |

## I. НАЦРТ ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОДИНА

Општина Охрид преку Секторот за Локален Економски Развој и Одделението за Локален Економски Развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, ја базира Програмата за подрка на локалниот економски развој за буџетската 2014 година.

### 1.1 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА

#### 1.1.1 Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив

**развој – Акциони Планови 2014, и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид 2014.**

Активноста ќе се реализира преку објавување на јавен повик за финансирање на микропроекти, со право на учество на НВО-и, Месни и Урбани Заедници.

Предвиден буџет 300.000,00 ден

### 1.1.2. Општинско Корисна Работа

Програмата Општинско Корисна Работа има за цел да овозможи социо економско вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено работно време, заради стекнување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд.
Во проектот се ангажирани вкупно 5 лица, од кои едно лице е самохран родител и едно лице е родител на дете со посебни потреби.
Прокетот започна со имплементација на 18 Октомври и ќе трае до 17 Мај 2014 година. Вкупниот износ на средства според проектниот договор е 180.000 денари со вклучен персонален данок на доход и осигурување, распределени во шест рати кој ќе се

Предвиден буџет 360.000,00 ден

### 1.1.3. Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014 година

Земјоделството и руралниот развој се клучните претпристапни елементи на Македонија за влезот во Европската унија. Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид претставува основен стратешки развоен документ за периодот 2014-2018 година, во кој се содржани главните стратешки цели и приоритети за развој на руралните области во Општина Охрид. Со реализација на оваа програмска активност ќе се имплементираат активности кои се во согласност со стратешките определби а се предвидени за реализација во 2014 година. Оваа програмска активност ги опфаќа следниве области на делување:

- Инфраструктурно и комунално уредување на селските средини,
- Квалитетно и целосно искористување на туристичките и стопанските потенцијали на руралните области со што би се подобрил квалитетот на живеење на селските средини,
- Урбанистички уредени селски средини со просторно-планска документација и чиста животна средина,
- Развиено земјоделство и сточарство врз база автохтона и органски здрава храна,
- Подобрување на образовните и здравствени стандарди во руралните области,
- Подобрување на спортската инфраструктура и развој на традиционални културни манифестации во руралните области.

Предвиден буџет 123.000,00 ден

**1.1.4. Поддршка на проекти и програми за рурален развој преку кофинансирање**

Реализацијата на оваа активност се планира преку поддршка на проекти и програми поврзани со инфраструктурни планови, уредување на туристички и излетнички локалитети во руралните области, (обнова на електрична мрежа, пристапни патишта до 1 км, уредување на простор, обнова на водоводни инсталации и др). Зафатите би се реализирале преку кофинансирање на проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции.

Предвиден буџет 0 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.1: 783.000,00 ден**

**1.2. ЗАСИЛУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА**

Реализацијата на оваа програмска активност ќе се спроведе преку давање на поддршка на постоечките претпријатија во Општина Охрид во нивните напори да најдат нови пазари и да ја подобрат својата конкурентност, со што ќе се даде придонес во развојот на локалната економија, отварањето на нови работни места и намалувањето на невработеноста во Општина Охрид.
Предвидените активности се во согласност со националната развојна политика за претприемништво, Националната стратегија за развој на МСП и Стратегијата за Локален Економски Развој на Општина Охрид.
Засилувањето на локалниот економски развој и зголемувањето на конкурентноста на претпријатија е планирано да се реализира преку следниве активности:

